Македонија
Економија
Скопје
Отворена
Ризница
Црна Хроника
Свет
Омнибус
Спорт
Дане
АНТЕНА
ВИКЕНД
АРХИВА
ПРЕБАРАЈ
OK
инфо /info
контакт
прилози
претплата
импресум
маркетинг / advertise

Powered by nextsense webBuilder
PLUS GRATIS STAR VESNIK POP FOLK MUZIKA PLUS GRATIS

отпечати ја статијата
испрати ја статијата на пријател

МИЛОШ КОЏОМАН, ЛИКОВЕН УМЕТНИК

# Стилски номад со карактерен ликовен израз

Од две причини ги потпишува своите уметнички дела под името Милош Коџоман Втори. Едната од нив е чин на самопочит, почит кон своето семејство Коџоман и кон земјата. Втората, едноставно вели уметникот, е - каприц.

Милош Коџоман деновиве го одбележа својот јубилеј - 35 години творештво, со ретроспективна изложба која беше дел од програмата на свеченото отворање на новиот мултимедијален уметнички центар во Скопје, "Мала станица". Изложени се 140 дела од сите циклуси и техники во кои творел.

- Врз основа на некаква емпирија се вели дека ништо не е случајно. Природно е вистинскиот автор сиот свој живот да очекува повратен ефект од јавноста за своето дело. Кругот треба да се затвори, да дојде пак до авторот. Силата што тој треба да ја добие како повратна енергија му служи на авторот како нужен коефициент за тој да продолжи да се движи. Круната на сето тоа, низ изминатите 35 години творештво, кои не се малку, ми се случи на отворањето на "Мала станица". Фактографски, вакви екстравагантни музеи во побогати држави се отвораат ретко. Тоа што мене ми припадна таква чест е сплет на многу околности.

ІВелат дека сте еден од пионерите на мултимедијалната уметност во Македонија. Дали можеби затоа со Ваша изложба е отворена галеријата?

- Ако тоа го тврдат повеќе наши еминентни кустоси и историчари на уметноста, тоа е навистина така. Ретроспективни студии не се прават врз основа на импровизации, туку врз строга принципиелна фактографија на артефактите. Првите перформанси и обиди за мултиумедијалата кај нас се забележани низ фотосесии и точно хронолошки се обработени. Концептуалата е елаборирана во нашите списанија за современа уметност. Тоа значи дека на отворањето на "Мала станица" настапив со стопроцентно вистинска хронологија, одмерена, елаборирана во последните неколку години. Ретроспективната изложба е круна бидејќи е претставена во нејзината најбогата форма. Има седум големи афиши - записи од првите перформанси кај нас, кои пред триесетина години ги правев со колегата Драгољуб Бежан.

ІИсторичарите на уметноста Вашето творештво го делат на неколку фази, почнувајќи со елементи на надреализам, преку експресионизам до класични портрети. Дали оваа поделба содејствува со Вашата?

- Не случајно ме карактеризираат како "стилски номад". Мојата природа не дозволува подолг период да обработувам еден тематски циклус. Но, делото има свој ликовен израз што треба да е целесообразен со темата. Кога се наклонувам кон надреализмот, употребувам мазна фактура, веќе видена и усовршена од големите надреалисти на 20 век. Во еден момент станувате многу нервозен, а тогаш не можете да ја ползувате таа техника. Тогаш преоѓате во манирот што ја одредува душевната состојба на вознемиреност - експресионистичкиот манир. Но во однос на стилскиот израз имам стопроцентно свое обележје и препознатливост - карактерен ликовен израз. Тоа е евидентно во моето творештво во изминатите 35 години.

ІВо 1973 година изложбата под наслов "Дрога" беше цензурирана. Во кој систем беше поголем предизвик да се создава уметност? Тогаш или денес?

- Припаѓам на два општествени система. Творев и тогаш, творам и сега. Тогаш беше обид, младешки порив и крик или критизација на тогашните општествени норми во кои ние, младите, природно, си баравме простор под сонцето. Сакавме да го менуваме светот. Кај младите луѓе тој инстинкт е многу изразен. Но, имавме и што да критикуваме. Кога го правите тоа, тргнувате од определена позиција, да укажете дека тоа не е доволно и дека треба да биде подобро. Времето на транзиција, кога периодот од изминатите 15 години ќе го споредам со "она" минато, да не манипулирам, но испаѓа многу полошо од тоа што ние тогаш сме го критикувале. Сега навистина се чувствуваш изгубен. Буквално секој ден гледаш вести на телевизија, се случува од лошо-полошо. Се губи смислата на се и вие навистина не знаете што да сторите. Во состојба што е условно многу тешка

НАСЛОВНА

QBE
АВТОСВЕТ
Click to enable Adobe Flash Player
абер www.aber.net.mk
граѓански СВЕТ
АНТЕНА on line
Викенд on line
TeleKabel
Click to enable Adobe Flash Player
EXPLORINGMACEDONIA.COM NATIONAL TOURISM PORTAL
Living Heritage Macedonia www.zivonasledstvo.org.mk
maksportnet.com
ХОСТИРАМ И РЕГИСТРИР WEB ТРАНИЦИ

за сите, јас отидов во друг правец - идеалистички манир. Отидов да се пронајдам во нов правец за мене - неоромантизам. Измислив моја кованица, која беше многу добро прифатена во изминатите десет години. Трагав по една состојба на духот, ново воосновување на македонистиката, но во мој, современ аранжман. Има елегичност, без тоа нема уметност, но во моето творештво нема повеќе драма. И доста беше! Ако ги гледате циклусите, мојата совест од таа страна е сосема чиста, бидејќи е критизерска, има ангажирани теми. Но тоа е веќе исцрпено. Си дадов право и јас еднаш да ја истражувам убавата страна на медалот. Па дури и да го нема официјално. Сега се употребуваат други механизми: на лично мечтаење, патување со мислите во другиот простор, во некој подобар свет што секогаш е опција на ликовната уметност. Ликовното дело не мора секогаш да биде украс, тоа може да биде и опомена. Релаксирајќи се себеси, доведен како сите граѓани во привиден безизлез, ги сликам нашите, македонски теми, уживам и се оттргнувам од оваа реалност. Уште помило ми е што тие го привлекоа вниманието на нашиот заморен граѓанин и тој патува со мислите како и јас. Значи, мојата функција е целосно исполнета. Уметноста без такви визии не може да биде уметност.

lДали и денес чувствувате порив да го критикувате општество како пред триесетина години?

- Јас ни тогаш не го критикував јавно. Самото дело го правеше тоа. Никогаш, ниту во социјализмот, не сум зел микрофон па да кажам: "Еј, друштво! Вие не повредувате нас младите". Тоа го правевме преку сликарските дела, преку перформансите што имаа пародичен карактер и преку личниот изглед што тотално се разликуваше од сите други. Ние бевме мала група од дваесетина уметници и музичари, а револтот беше искажан на сосема друг начин. Не беше агресивно, ние не вршевме пресија. Кој сакаше доаѓаше и не гледаше.

lСин сте на Вангел Коџоман, еден од доајените на современото македонско сликарство. Дали тој "багаж" Ви е олеснување или товар во трасирањето на Вашата кариера?

- Кога стапував на уметничката сцена, Вангел Коџоман беше највисоко етаблиран на југословенската сцена и пошироко. Харизмата што тој ја емитираше кај медиумите, инкорпориран длабоко во свеста како голем маестро, не остави простор кај луѓето да размислат дека постои и друг од семејството што се појавува на сцената. Тоа го толкувам единствено како ментален хендикеп кај луѓето, бидејќи не реагираат брзо. Природно, тие се маѓепсани од една величина и кога стапив јас на сцената, тие лаконски велеа: "Тоа не може да биде! Еден е Коџоман!". Одеа дотаму што не сакаа да ги гледаат делата. Кога ги гледаа, тоа го правеа површно. Бидејќи стилски моите дела во тоа време беа тотално "одлепени" за овие простори, велеа дека сум тежок егоцентрик: "Од него ништо не бива". Таа анксиозна состојба траеше петнаесетина години и предизвика голема мака. Но, од оваа дистанца, поголема реклама не можев да имам. Шиканирањата што ги истрпев ми се вратија во маркетиншка смисла. Тоа што бев син на Коџоман не е добро, туку многу добро, бидејќи при рака имав голем мајстор од кого учев четириесет години. Тоа е голема привилегија. Од духовен аспект, навистина имав проблем, но времето си го стори своето. Публиката созреа. Има речиси 15 години како не гледаат на мене претенциозно, сосема се ослободени и навистина си добив место, сосема друго, воопшто неспоредливо со Коџоман, бидејќи јас имам поинаква сликарска природа, истражував во друг правец. Компарацијата меѓу Вангел и Милош Коџоман треба да се гледа сегментарно и тогаш ќе се почувствува.

lПред неколку години бевте во раководството на Друштвото на ликовните уметници на Македонија. Како ја коментирате состојбата во ДЛУМ денес?

- Асоцијацијата егзистира повеќе од 50 години. Тоа значи дека е жива и присутна. Какви било манипулации со ДЛУМ нема да бидат краен одговор на состојбите што Друштвото ги преживувало во изминатите децении. Ако прашувате колку ДЛУМ му помага на творецот - многу му помага! Особено на младите уметници што стапуваат на сцена. Колку и да му било финансиски тешко, Друштвото секоја година успева да направи пет-шест ревијални изложби. Ако некој млад уметник е вреден, а нема услови самостојно да излага, тој константно се појавува во јавноста преку ДЛУМ и тоа е негова отскочна штица. Речиси сите македонски "величини" се пробиле како членови на Друштвото. Друга е приказната кога ќе почувствувате дека сте институција за себе и дека Друштвото повеќе не ви е потребно. Имам против оние колеги што исцрпеле се од ДЛУМ, па сега велат дека тоа е социјалистичка асоцијација. Тоа не е точно. Ако веќе судиме за тоа здружение, не треба да бидеме пристрасни ниту суетни.

lКако го оценувате односот на државата кон ДЛУМ?

- Уметничкиот павилјон "Поткале", кој му беше даден пред 50 години на тогашното здружение, ни беше неправедно одземен, не знам под кои околности. Друштвото се селеше од една во друга просторија. Да го сфатиме тоа како некоја судбина. Но, постојано има некаква резерва. Субвенцијата на Министерството за култура е секогаш мала. Здружение што не е профитно, кое е пред се духовна категорија што ги отелотворува државниот идентитет и државната стратегија на еден народ, треба да има многу повеќе донации од ресорното министерство. Ова е апел и до меценците, имотните граѓани. Тоа е практика во светот. Тие здруженија треба да се помагаат финансиски, зашто не се профитабилни дејности, туку

духовни. Тие го облагородуваат граѓанинот. Тие се гордост за една држава, континуитет. Ако тоа Здружение постои повеќе од шеесетина години, значи постои државата. Тоа го кажува и името на здружението - Друштво на ликовните уметници на Република Македонија.

ІДали сте задоволен со пласманот на Вашето творештво во странство?

- Порано тоа беше репер, демек ако во светот не направите изложба вие сте никој и ништо. Тоа е тотално погрешен став. Добро е да направите изложба во светот, но првенствено е што почнувате тука и вашиот живот ќе заврши тука. Сите светски автори се враќаат во матичните земји. Убаво е да се оди, но мора да се ослободиме од комплексот на инфериорна средина што постојано бара "аминување" од светската сцена. Е па не барам! Не ме засега! Емоцијата ја имам тука и тоа во најголемо количество. Сум одел, не велам дека нема повторно да одам. Ова го кажувам бидејќи сум бил на светската сцена неколкупати и не сум се чувствувал нешто подобро отколку дома. Дури ракоплескањето таму е поинакво од тоа дома. Верувајте. Ако зборуваме за профит - да, но не и за духовна сатисфакција. Сепак сте гостин, "Вени, види, вици". Ова е апел. Младите автори да престанат да патат и да не се оптоваруваат дека во светот има не знам што. Тие треба да го користат секој момент да одат во странство, да се движат, но да не го прават тоа по секоја цена. Не е вредно. Нека не се оптоваруваат со комплексот на пониска вредност дека се од Македонија. Тука е центарот на светот - Византија, напластено наследство. Кога ќе се ослободите од инфериорното чувство, тогаш станувате голем, се урамнотежувате, станувате среќен.

ІДали е лесно да се живее и да се твори во Македонија?

- Ништо не е лесно. Ниту да сте економист, сликар ниту доктор. Никаде не е лесно. Но ако сте многу упорен и многу го сакате тоа што го работите, ќе егзистирате и во Македонија. Ќе дочекате еден ден, впрочем, како што јас си дочекав.

© 2001 Дневник, сите права задржани